РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1321/7
15-11-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 10-тата седница одржана на 08.11.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Предметот заведен под број 09-1321/1 од 04.04.2024 година, против лицата ------------ и ------------------------------, вработени во Државен инспекторат за труд, **СЕ ЗАПИРА.**

По разгледување на наводите од пријавата, ДКСК утврди дека нема повреда на одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување по доставената пријава.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Врз основа на поднесена пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупција и судир на интереси оформи предмет со бр.09-1321/1 од 04.04.2024 година во врска со прекршување на одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицата ----------------- и --------------------------, државни инспектори за труд.

Од наводите на пријавата наведено е дека до Кабинетот на министерот за труд и социјална политика доставено е писмо од анонимни лица со кое информираат за следново: Во Основен суд во -------- како судии поротници биле ангажирани државните трудови инспектори ----------------- и --------------------------. Имено, во наводите на пријавата се укажува дека како поротници учествуваат во работењето на судот во работно време што според пријавителот е проблематично од аспект на судир на интереси во однос на извршување на инспекторската работа и работењето како поротник од една страна и извршување на двете обврски во ист временски период.

Во однос на оформениот предмет, ДКСК ги разгледуваше наводите од пријавата од аспект на постоење на судир на интереси или неспојливост на функции кај лицата ---------------- и -------

-----------------------, по што заради утврдување на фактичката состојба до Судскиот совет на РСМ достави писмен допис со бр.09-1321/3 од 27.06.2024 година, со цел нивно разгледување и произнесување, како и преземање на мерки од страна на Судскиот совет на РСМ како надлежен орган кој го врши изборот на судиите - поротници.

Судскиот совет на РСМ достави Известување бр. 09-1321/4 од 22.07.2024 година до ДКСК со кое се произнесува во врска со изборот на лицата ------------------------------------------- за вршење на должноста судии – поротници дека нема законска пречка истите да бидат избрани за судии - поротници согласно Законот за судовите, а во врска со наводите од пријавата дека истите имаат засновано редовен работен однос како државни инспектори за труд, Советот смета дека може да бидат предмет на испитување на друг надлежен орган.

ДКСК поднесе Барање за доставување на податоци и информации со бр. 09-1321/5 од 31.07.2024 година до Државниот инспекторат за труд во врска со лицата ------------------ и -------------------------, дали истите се во редовен работен однос во Државниот инспекторат за труд, дали оваа институција е известена дека лицата дека се избрани за вршење на функција судии - поротници во Основниот суд во------- и дали истите имаа одобрение од претпоставено лице за вршење на дополнителна дејност.

До ДКСК доставена е повратна информација за постапување од Државниот инспекторат за труд со бр. 09-1321/6 од 02.09.2024 година со прилог произнесување на Државниот инспектор за труд ---------------- која известува за следното:

Лицето ------------------ е во редовен работен однос од 08.02.2019 година, а лицето ---------------------------------- од 19.12.2022 година во Државниот инспекторат за труд подрачје -------. Лицата го имаат известено непосредниот раководител на Одделението за инспекциски надзор од областа на работните односи, ----------------------- и директорот на --------------, -------------------- во врска со нивното вршење на должноста судии – поротници во Основен суд ---------.

Лицето ---------------- исто така известува дека должноста како судии - поротници ја извршуваат само на судење кое трае најмногу до 30 минути колку што е паузата на еден работен ден. Понатаму истата наведува дека судијата – поротник не е дополнителна дејност, лицата се избрани за судии поротници на ден 09.12.2020 година од страна на Судскиот совет на РСМ со Одлука за избор на Поротници за Основен Суд ------- бр.02-1712/5 од 15.12.2020 година каде не постојат законски пречки во изборот.

Имено, согласно член 42 и член 43 од Законот за судовите не е предвидена забрана:

Член 42

*„(1) Судии-поротници ги избира и разрешува Судскиот совет на Република Македонија под услови и во постапка определена со закон.*

*(2) За судија поротник може да биде избран полнолетен државјанин на Република Македонија, со завршено најмалку средно образование, кој активно го владее македонскиот јазик, ужива углед за вршење на оваа функција и кој не е постар од 60 години.*

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

*(3) Судијата поротник за судење на малолетници се избира од редот на лица со искуство во воспитанието и образованието на млади.*
*(4) По изборот, судиите поротници задолжително посетуваат специјализирана обука организирана од Академијата за судии и јавни обвинители, за што Академијата им издава потврда за завршена обука.*
*(5) Содржината, времетраењето и спроведувањето на обуката од ставот (4) на овој член се утврдува во специјализирана програма за обука на судии-поротници од страна на Академијата за судии и јавни обвинители."*

*Член 43 од истиот закон:*
*„(1) При изборот на судии и судии-поротници не смее да се врши дискриминација во однос на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.*
*(2) При изборот на судии и судии-поротници без да се нарушат критериумите пропишани со закон, ќе се обезбеди соодветна и правична застапеност на граѓаните што припаѓаат на сите заедници.*
*(3) За судија или судија-поротник не може да биде избрано лице кое со судијата или судијата-поротник во истиот суд е во сродство во права линија или во странична линија до трет степен или е негов брачен другар.*
*(4) За судија или судија поротник не може да биде избрано лице кое со член на Судскиот совет на Република Македонија е во сродство во права линија или во странична линија до трет степен или е негов брачен другар."*

Врз основа на се погоре наведено ДКСК утврди дека нема повреда на одредбите од Законот за спречување корупција и судирот на интереси и одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: М.М – соработник
Контролирал: К.З – раководител

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk